Совет на Општина Делчево
Број 09- 563 /2
13.03.2020 година
Д е л ч е в о

ЗАПИСНИК
од одржаната 37.седница на Советот на
Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 13.03.2020 година (петок), во Мултифункционалниот центар во АСНОМ, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа 14 членови на Совет и тоа:

1. Драган Маневски
2. Сашко Ивановски
3. Дејан Георгиевски
4. Јулија Крстевска
5. Влатко Величковски
6. Кирил Тренчевски
7. Ванчо Велиновски
8. Славица Димитрова
9. Катица Трајкова Тасева
10. Сашко Јовановски
11. Билјана Ѓеоргиевска
12. Кристи Стојковски
13. Вице Стоиловски
14. Дијана Јосифовски

Неоправдано отсутен беше Николчо Ситновски.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Драган Маневски, претседател на Советот на Општина Делчево.

За 37.седница на Советот на Општина Делчево тој го предложи следниот

Дневен ред

-Усвојување на Записник од 36.седница

1 . Предлог-Одлука за усвојување на препораки за заштита од пандемија на населението од COVID-19 (КОРОНА ВИРУС) на територијата на општина Делчево;

**Образлагач**: Драган Маневски, Претседател на Советот на Општина Делчево.

2.Завршна сметка на Буџетот на општина Делчево за 2019 година;

3.Годишен извештај на Општина Делчево за 2019 година;

**Образлагач**:Анка Христова- Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци.

4.Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;

**Образлагач:** Стојан Димитровски-Командир на ПС од ОН Делчево.

5.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;

**Образлагач**: Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

6.Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2019 година со Заклучок за усвојување;

7.Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2019 година со Заклучок за усвојување;

8.Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево со Заклучок за усвојување.

**Образлагач**: По точките 6,7 и 8-Катерина Величковска-Одговорен сметководител.

9.Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**:Маре Бошначка-Одговорен сметководител на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево.

10.Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден"-Делчево" за 2019 година со Заклучок за усвојување;

**Образлагач**: Марина Димитровска-Одговорен сметководител на ЈЛБ „Илинден"-Делчево.

11.Предлог-Одлука за одобрување на парични средства за доизградба на црквата „Св.Архангел Михаил"во с. Драмче;

**Образлагач**: Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по дневниот ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по дневниот ред беше затворена и дневниот ред ставен на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 37.седница.

**Прва точка-Предлог-Одлука за усвојување на препораки за заштита од пандемија на населението од COVID-19 (КОРОНА ВИРУС) на територијата на општина Делчево;**

Образлагач по оваа точка беше Драган Маневски, Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека во отсуство на Градоначалникот на општина Делчево тој ќе ја образложи оваа одлука која се однесува на усвојување на препораки за заштита од пандемија на населението од COVID-19 (КОРОНА ВИРУС) на територијата на општина Делчево.

Имено, следејќи ја состојбата со актуелната пандемија со коронавирусот, предизвик е да се сочува здравјето на граѓаните и да не се дозволи ширење на болеста на териоторијата на Општина Делчево.Според официјалните податоци добиени од Центарот за јавно здравје Кочани и Епидемиолошката служба од Делчево на територијата на нашата Општина нема евидентирано случај со коронавирус, ниту има сомнителни случаи. Општина Делчево согласно со препораките од Министерството за здравство воведе рестриктивни мерки, во смисла укинување на приемните денови, задолжителна дезинфекција на просториите на Општина Делчево, а во текот на вчерашниот ден беше одржан информативен состанок со претставници од месни и урбани заедници со цел да се информираат за новиот начин на работа на Општина Делчево и да се олесни комуникацијата со граѓаните и навремено да се одговара на барањата и потребите на граѓаните. За таа цел, изготвени се соопштенија каде се јавно објавени телефоните и е-маил адресите на одговорните лица на секторите и одделенијатра во Општина Делчево; даден е налог за дезинфекција на училиштата, градинката, и др. јавни објекти, а редовно ќе се мијат и улиците. Тој упати апел до сите граѓани да го намалат движењето во институциите, освен за итни и неодложни работи. Се апелира до сите граѓани на Општина Делчево, движењето надвор од своите домови да го сведат на минимум, единствено за неодложни и итни потреби. Особено да се избегнува посета на угостителски објекти, паркови, отворени и затворени простори со капацитет за собирање на поголема група на луѓе.На сите лица кои биле надвор од територијата на Република Северна Македонија и на граѓаните кои се сомневаат дека имаат симптоми на корона вирус, им се препорачува да се јават на броеви:Ало докторе 02 15 123 и Центар за јавно здравје Кочани 071 373 913.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за усвојување на препораки за заштита од пандемија на населението од COVID-19 (КОРОНА ВИРУС) на територијата на општина Делчево.

**Втора точка-Завршна сметка на Буџетот на општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач по точката беше Анка Христова- Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци која рече дека завршната сметка на Буџетот на Општината содржи пропишан преглед на планираните буџетски приходи споредени со наплатените приходи и планираните буџетски расходи споредени со реализираните расходи на сите сметки. Завршната сметка ги содржи сите елементи кои ги содржи и буџетот на општината искажани како планирани и остварени приходи и

расходи за сите општински буџетски корисници. Од вкупно планираните приходи и приливи во буџетот на општината во износ од 291.929.112 денари наплатени се 254.514.946 или 87,5% во вкупниот буџет или ако го анализираме основниот буџет од вкупно планираните 118.999.700 денари наплатени се 105.541.822 или 88,7%.

Во група 71 даночни приходи влегуваат:данок од плати-2.038.977, даноци на имот 12.259.335 (данок на имот од физички лица 6.463.742, данок на наследство и подарок 1.256.398, данок на имот од правни лица 2.391.183 и данок на промет на недвижности и права 2.147.797). Даноци на специфични услуги 16.410.471 во кои влегуваат:комунална такса за истакната фирма 3.841.950, комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување 9.203.694, комунална такса за користење на простор пред деловен простор 237.877, надоместок за уредување на ГЗ 1.761.903, комунална такса за користење улици со патничко товарно возило што се плаќа при регистрација 1.072.294 и комунална такса за привремен престој 23.568 и други комунални такси-292.753. Во групата неданочни приходи кои се наплатени во инос 5.225.035 влегуваат:административни такси кои се плаќаат за списи 493.580, други владини услуги, приходи од катастарски услуги и др.административни услуги 277.238 и останати неданочни приходи 4.454.217.

Капиталните приходи се наплатени во износ од 3.801.919 и тоа од продажба на земјиште 5.705, од закуп на земјоделско земјиште 1.412.423, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини 364.534, надомест за концесии за детални геолошки истражувања 37.940,00, надомест за утврдување на правен статус на бесправно-изградени објекти-легализација 1.270.986, надомест за легализација на земјоделско земјиште 2.017.683, трансфери од други нивоа на власт, од буџетите на фондовите и буџетот на РСМ во износ од 66.189.674.

Од вкупно планираните расходи во Буџетот за 2019 година во износ од 291.929.112 денасри реализирани се 254.514.946 или 87,5%, додека во основниот буџет од планирани 118.999.700 денари, реализирани се 105.541.822 или 87%.

Платите и надоместоците во основниот буџет се планирани во износ од 20.109.300, а се реализирани 19.828.461. Истите зафаќаат 19% од вкупно реализираните расходи во основниот буџет. Тука влегуваат и надоместоците за членовите на Советот со износ 2.406.493, без тие средства, платите на вработените во Општина Делчево се реализирани во износ 17.221.968 или во вкупно реализираните расходи во основниот буџет зафаќаат 16%.

Во општинскиот буџет капиталните расходи се планирани во износ 48.081.000, а се реализирани во износ од 37.193.594 или 77,3%, а во однос на вкупните расходи во основниот буџет тој процент е 35%.

Во буџетот на дотации од вкупно планирани приходи 148.033.412, остварени се 136.515.852 денари или 92%, додека планираните расходи во истиот износ се реализирани 135.612.141 или 91%.

Капиталните расходи се реализирани во износ 24.357.357 и тоа:
480110-купување канцелариска опрема-101.680, 480140-информатичка и видео опрема-128.890, 481160-опрема за греење и климатизација 63.000, 480190 друга опрема 969.618-опрема за озвучување и др., 482110-изготвување на проекти 1.778.248, 482120-изградба на улици и патишта-13.324.556 денари(исплатени од оваа ставка и дел од Програмата А3, односно 2.897.808, додека 3.930.984 се за изградба на улици и патишта во населба „Пролет“.
482130-Реконструкција на патишта и улици -12.589.360 (7.662.118-одземени и 467.742 денари, А3 93.657.503 за ул. „Н.Ј.Вапцаров и дел за „Илинденска“. 482320-набавка на цевки за канализација 274.593, 485420-надомест за одземен имот 4.775.886 и изградба и реконструкција на др.објекти 564.441. 491190-отплата на главен долг за реконструкција на детската градинка во износ 1.852.636 денари. На крајот од ова образложение А.Христова рече ако има некои прашања, таа ќе даде одговор.

Претседателот отвори расправа по оваа точка.

Процедурално за збор се јави Кирил Тренчевски кој во интерес на времето и ситуацијата со пандемијата, апелираше до членовите на Советот, доколку има прашања да ги поставаат и писмено да им биде одговорено од страна на раководителката.

Претседателот на Советот рече дека тоа не значи дека се ограничува правото на дискусија или правото на поставување прашања.

Билјана Ѓеоргиевска побара писмен одговор за ставката 482.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на општина Делчево ја донесе Завршната сметка на Буџетот на Општина за 2019 година.

**Трета точка-Годишен извештај на Општина Делчево за 2019 година;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова- Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци која рече дека Годишниот извештај е законска обврска согласно член 34 од Законот за финансирање на ЕЛС, тој ги содржи истите податоци како и Годишната сметка, но истоа така, содржи и извештај за средствата и нивната вредност, како и побарувањата и обврските на општината.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го усвои Годишниот извештај на Општина Делчево за 2019 година

**Четврта точка-Извештај за јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Стојан Димитровски-Командир на ПС од ОН Делчево, кој имајќи ја предвид новонастанатата состојба накусо го образложи извештајот и истакна дека во делот на криминалитетот има намалување на бројот на кривични дела за 34%, состојбата со јавниот ред и мир се карактеризира со зголемување на бројот на пријавени прекршоци за 111% во однос на ланската година. Во делот на сообраќајот тој рече дека има зголемување на сообраќајните незгоди за 9%, но важно е што нема жртви. Во извшетајниот период по разни законски основи биле поднесени 161 поплаки од граѓани, предупредеи биле 178, а легитимирани 653 лица. Во делот на контроли засилени се контролите на бесправната сеча на шуми и во врска со Законот за минерални суровини. Во овој период се спроведени 5 акциски контроли при што е костатирано присуство на малолетни лица во угостителски објекти после 24:00 часот. Што се однесува до бројот на пожари, истиот е намален во однос на лани, рече командирот на ОС од ОН-Делчево, С.Димитровски.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Катица Трајкова Тасева која праша дали ПС од ОН Делчево имаат евиденција за возилата со наши сограѓани кои доаѓаат од Италија?

С.Димитровски рече дека согласно препораките на Владата на РСМ на нашиот Граничен премин не се пропуштаат такви возила и дека истите се пренасочуваат на Деве Баир или Ќафасан кои службено ја известуваат ПС од ОН Делчево за секое возило, можам да ве известам дека се преземаат сите мерки и дека досега нема заразено лице со КОРОНАВИРУС во Делчево.

Кристи Стојковски праша дали ПС има податоци за регистрираните уживатели на дрога и дали бројот е зголемен во однос на претходна година?

С.Димитровски рече дека со уживателите на дрога и др.наркотички средства има проблем, потребно е да се вклучат сите релевантни чинители и заеднички да се најде решение на овој проблем, бараме отворена соработка за надминување на овој проблем.

Билјана Ѓеоргиевска праша дали доколку некој граѓанин сака да пријави такво нешто може да се обрати во ПС и на кого да се пријави без да има потоа некакви последици?

С.Димитровски рече дека секој може да се јави во Полциската станица за да пријави таков случај, а може и лично на него да му се јават.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата заврши и истата беше затворена, а точката беше ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Извештајот за

јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата на подрачјето на општина Делчево.

**Петта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;**

Образлагач и по оваа точка беше Драган Маневски-Претседател на Советот на Општина Делчево кој рече дека до Советот на Општина Делчево е поднесено Барање за финансиски средства од страна на Црковен одбор од с. Очипала. Со одлуката се одобруваат финансиски средства во износ од 30.000 денари на Црковниот одбор за изградба на црква во с. Очипала, посветена на „Раѓање на свети Јован Крстител“, а средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2020 година на име МПЦ храм „Раѓање на свети Јован Крстител“, с. Очипала.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства.

**Шеста точка-Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образложение по оваа точка поднесе Катерина Величковска која рече дека во 2019 година ООУ „Св.Климент Охридски“ своето финансиско работење го остварувало преку 2 сметки и тоа: сметка за наменска дотација 903 и сметка за сопствени приходи 787.

На сметка 903-наменска дотација за 2019 година се остварени приходи во износ 48.485.731 денари и се потрошени за: плати -31.906.021, придонеси 12.073.045, патни и дневни 33.040, комунални услуги 2.658.616, материјали и ситен инвентар 248.548, поправка и тековно одржување 172.062, договорни услуги 925.739, други тековни расходи 249.443, други тековни расходи 464-129.288, купување опреама и машини 58.311, други градежни објекти 29.618 и вложување во нефинансиски средства 2.000 денари.

На сметката 787- сопствени приходи се прибираат средства од уплти за испити, дупликат свидетелства-диплома, спонзорства, наем и др.слични приходи. Вкупните приходи се 859.000,00, а вкупните расходи 866.261,00 денари. Салдото на 01.01.2020 е 30.116 денари, а оданочена добивка за деловната година е 17.226,00 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Билјана Ѓеоргиевска која побара писмен одговор за средствата потрошени на следните поттставки: 423 990, 425 990, 426 210, 425 750, 425 790.

Сашко Ивановски побара писмен одговор за средствата потрошени на следните поттставки: 425 310-правни услуги.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена и оваа точка беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2019 година.

**Седма точка-Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2019 година со Заклучок за усвојување;**

И оваа точка ја образложи Катерина Величковска која рече дека во 2019 година ООУ „Ванчо Прке“ своето финансиско работење го остварувало преку 2 сметки и тоа: сметка за наменска дотација 903 и сметка за сопствени приходи 787.

На сметка 903-наменска дотација за 2019 година се остварени приходи во износ 34.035.828 денари и се потрошени за: плати -21.029.370, придонеси за социјално осиг.7.961.641, патни и дневни 32.230, комунални услуги 2.362.532, материјали и ситен инвентар 214.529,00, поправка и тековно одржување 215.651,00, договорни услуги 1.114.634,00 други тековни расходи 100.720, разни трансфери 267.074,00 купување опрема и машини 86.446,00, реконструкција на објекти објекти 649.000,00 денари.

На сметката 787- сопствени приходи се прибираат средства од уплти за испити, дупликат свидетелства-диплома, спонзорства, наем и др.слични приходи. Вкупните приходи се 858.000,00, а вкупните расходи 993.789,00 денари.Остварениот вишок на приходи за пренос во 2020 година изнесува

75.746,00 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Ванчо Велиновски кој побара писмен одговор за 424 420 и 426 410,

Кристи Стојковски побара писмен одговор за 423 410, 423 710, 423 720, 425 990, 480 190 и 482 930.

Билјана Ѓеоргиевска побара писмен одговор за сметка сопствени приходи поттставка 425 990.

Бидејќи никој друг не се јави за збор , претседателот ја затвори расправата по оваа точка и истата ја стави на гласање.

Со 9 гласа „ЗА", 4 „ПРОТИВ" и 1 „ВОЗДРЖАН", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ООУ „Ванчо Прке" за 2019 година.

Осма точка-Завршна сметка на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево со Заклучок за усвојување.

Образлагач и по оваа точка беше Катерина Величковска-Одговорен сметководител која рече дека во 2019 година СОУ „М.М.Брицо" своето финансиско работење го остварувало преку 2 сметки и тоа: сметка за наменска дотација 903 и сметка за сопствени приходи 787.

На сметка 903-наменска дотација за 2019 година се остварени приходи во износ 30.508.626 денари и се потрошени за: плати -17.235.281, придонеси за социјално осиг.6.524.532, патни и дневни 59.458.00, комунални услуги 1.675.120, материјали и ситен инвентар 316.791,00, поправка и тековно одржување 150.000,00, договорни услуги 2.342.235,00 други тековни расходи 102.584, други трансфери 15.000,00 купување опрема и машини 141.347,00, др.градежни објекти објекти 1. 918.000,00 денари, вложување во нефинансиски средства 27.925,00 денари.

На сметката 787- сопствени приходи се прибираат средства од уплти за испити, дупликат свидетелства-диплома, спонзорства, наем и др.слични приходи. Вкупните приходи се 629.919,00 денари, а вкупните расходи 295.977,00 денари.Остварениот вишок на приходи за пренос во 2020 година изнесува 333.942,00 денари.

Претседателот орвори претрес и за збор се јави Славица Димитрова која побара писмен одговор за поттставките 425 420 и 425 490 од наменската дотација, сметка 903, што спаѓа во таа поттставка кој вид на трошоци?

Билјана Ѓеоргиевска побара писмен одговор за поттставките 423 410, 421 320, 426 990 и 480 190- наменска дотација , сметка 903.

Сашко Ивановски праша дали трошокот од 76.000 денари за телефон не е многу, 6500 денари месечно?

К. Величковска рече дека таков е пакетот, 2 службени мобилни телефони, фиксен, интернет и токен.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА3 и 5 „ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на СОУ „М.М.Брицо"-Делчево.

**Деветта точка-Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево за 2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по точката беше Маре Бошначка-Одговорен сметководител наОЈУДГ „Весели Цветови"-Делчево, таа рече дека во 2019 година детската градинка „Весели Цветови", своето финансиско работење го остварувала преку 3 сметки, сметка за блок- дотација, сопствени приходи и донаторска.

На сметка за блок дотација во 2019 година биле остварени приходи во износ од 12.106.495,00 денари и исто толку се потрошени од кои:за плати 8.415.040,00, материјали и ситен инвентар 318.993,00, договорни услуги 179.923,00 др.тековни расходи 6.816,00 денари.

На сметката за сопствени приходи се остварени приходи во износ 13.422.224 од кои 6.647.655 се вишок од 2018, 6.774.569 0д 2019 година. Од оваа сметка за 2019 година се потрошени 8.441.298.

на сметката 785-12 во 2019 година се остварени приходи во износ 951.263,00 денари, а се потрошени 108.534,00 денари. Вкупната добивка на оваа сметка е 842.729,00 денари.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2019 година.

**Десетта точка-Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден“-Делчево“ за 2019 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Шабан Багашов кој рече дека во 2019 година, ЈЛБ „Илинден“ своето работење го остварувала преку 2 сметки и тоа:сметка сопствени приходи и сметка на блок дотации.

На сметката за сопствени приходи се остварени приходи од 85.995,00 денари, а се потрошени за патни и дневни 3.000 денари, договорни услуги 4.888,00, др.тековни расходи 27.573,00 или вкупно 35.461,00 денари. Добивката за 2019 изнесува 50.534,00 денари.

На сметката за блок дотации се остварени приходи од 4.002.458,00 денари и исто толку се потрошени за бруто плати 2.243.433,00, комунални услуги 320.834,00, материјали и ситен инвентар 269.635,00, трошоци за поправки и тековно одржување 129.397,00, договорни услуги 226.505,00, др.тековни расходи 202.982,00, опрема и машини 228.869и вложување во нњфинансиски средства 380.803,00 денари.

Претседателот отвори претрес по оваа точка.

Билјана Ѓеоргиевска побара писмен одговор за 2.5, 2.6 и 2.8 од сметката за блок дотации и 2.3. од сметката за сопствени приходи.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА“ и 5 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево донесе Заклучок за усвојување на Завршна сметка на ЈЛБ „Илинден“-Делчево“ за 2019 година.

**Единаесетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на парични средства за доизградба на црквата „Св.Архангел Михаил“во с. Драмче;**

Оваа точка ја образложи Д.Маневски кој рече дека истата се донесува на предлог на советничката Славица Димитрова, а се однесува за изградба на дворна ограда на црквата „Св.Архангел Михаил“во с. Драмче и за таа намена се определува износ од 30.000 денари.

Беше отворена расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, истата беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе и оваа одлука.

Со исцрпувањето на дневниот ред, 37.седница на Советот на Ошштина Делчево заврши со работа во 15:05 часот.

Записникот го водела
Снежана Трајкова

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Драган Маневски